SILOTER
FORMULA ZA USPEH

**ЕКОТЕР-ММ dry mix** - готов сув минерален ѕидарски малтер

**ПРИМЕНА:** ЕКОТЕР-ММ е готов сув минерален ѕидарски малтер наменет за внатрешна и надворешна употреба.

**СОСТАВ НА МАТЕРИЈАЛОТ**: Песок, цемент, вар и други средства за подобрување на работните својства на самиот материјал.

**СВОЈСТВА:** ЕКОТЕР-ММ е производ кој се одликува со голема цврстина и лесна обработливост.

**ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**: Подлогата треба да биде чиста ,без прашина или мастни материи. При малтерисување на бетонски површини потребно е подлогата да се премачка со SILOTER подлога.

**ПОДГОТОВКА:** ЕКОТЕР-ММ се подготвува со додавање на 5 литри чиста вода на вреќа од 30 кг. Се меша се додека не се добие хомогена смеса. Материјалот се нанесува со ѕидарска мистрија или глетарка, по целата должина на ѕидот. Идеална температура за нанесување на материјалот е од 5°C до 35°C .

**УПОТРЕБА:** ЕКОТЕР-ММ се користи за ѕидање и малтерисување на тули и други видови на блокови.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ:** Содржи цемент и вар. Да се заштитат кожата и очите. Да се чува на суво место. Може да предизвика иритација на кожата,затоа се препорачува употреба на ракавици, а ако дојде во допир со очите треба да се измијат со вода. Доколку дојде до иритација треба да се побара лекарска помош.

**РОК НА УПОТРЕБА**: 12 месеци од датумот на производство ,кој е означен на пакувањето.

**ИСПОРАКА:** Вентил вреќи од 30 кг,еко палета од 50 вреќи.

**ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ**:
- 1 вреќа 30 кг, сива боја,
- гранометрија од 0-2 мм,
- јакост на притисок – Класа М1 - ≥1 $N/mm^2$ ( MKS EN 998-2:2010)

**ПОТРОШУВАЧКА:** Околу 17кг/$м^2$ , за максимална дебелина на слој од 1.5 см со 30 кг материјал се малтерисува 2.4 $м^2$ . По употреба алатот се мие со вода.